Врз основа на член 4 а од Правилникот за начинот и постапката за финансирање, создавање и усовршување на научно-истражувачки кадри („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2009 и 28/2010), Министерството за образование и наука распишува

## К О Н К У Р С
### за доделување стипендии за студии од втор циклус во странство за академската 2010/2011 година

1. Стипендии за студии од втор циклус во странство ќе се доделат на кандидати запишани на првите педесет рангирани универзитети во светот, односно првите дваесет рангирани универзитети во Европа според последната објавена ранг-листа на глобалните универзитети од Институтот за високо образование при Шангајскиот Џио Тонг универзитет, US News and Report и Times Higher Education Supplemnet - World University Ranking за следните научни области:

- технички науки (електро, машински, технолошки)........................ 3
- информатика.............................................................................. 3
- медицински науки....................................................................... 2
- земјоделски науки и храна........................................................... 4

Кандидатите кои ќе конкурираат треба да ги исполнуваат следните услови:

- да имаат завршено академски студии од прв циклус во траење од три, односно четири години и постигнат просечен успех од најмалку 8,50;
- да се запишани на студии од втор циклус првпат во прва година во академската 2010/2011 година;
- активно знаење на јазикот на кој се изведува наставата (освен за кандидатите кои еден дел од своето образование го завршиле на јазикот на кој се изведува наставата);
- да не се корисници на стипендија од други даватели.

2. Под условите предвидени во точка 1 можат да конкурираат и кандидати кои се запишани на високообразовни и научни институции во област која е од посебно научно, образовно и културно значење за Република Македонија - Film and TV School of Academy of Performing Arts (ФАМ) во Прага, Република Чешка, и тоа:

- филмска и музичка уметност................................................ 3

3. Предност ќе имаат кандидатите кои се запишани на подобро рангираните универзитети. Доколку се јават кандидати запишани на еднакво рангирани универзитети предност ќе се даде на подобро рангираните универзитети по Шајганската Џио Тонг листа.

Исто така доколку кандидатите се примени на иста институција предност ќе имаат кандидатите кои при приемот оствариле подобар успех.

4. Стипендиите се доделуваат за една година за студиите во траење од една година, односно две години за студиите во траење од две години.